# НИ СНЕМУВА ДРВЈА!

## СОСТОЈБИ И ТЕНДЕНЦИИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ГРАДСКОТО ЗЕЛЕНИЛО ВО МАЛ РИНГ ВО СКОПЈЕ 2002-2017



Студијата е дел од активностите на проектот на Плоштад Слобода
„Сосед чувар“, поддржан од Проектот на УСАИД за граѓанско општество,
спроведуван од Фондацијата Отворено општество - Македонија.

Студијата ја изработија:
Ирина Грчева
Леонора Грчева
Лука Јовичиќ

Скопје, 2013

## СОДРЖИНА

**Вовед**

**1. Значење на градското зеленило**
1.1. Значење на градското зеленило за градот и граѓанинот

**2. Состојба на градското зеленило во опфатот на Мал ринг во Скопје 1997-2013**
2.1. Достапни плански документи и сателитски снимки

**3. Планерски третман на градското зеленило во опфатот на Мал ринг 1997-2012**
3.1. Анализа на деталните урбанистички планови и нивните измени и дополни 1997-2012
3.2. Пропусти во планерскиот третман на градското зеленило и насоки за негово подобрување

**4. Анализа на легислативата и мерките за заштита и стимулација на градското зеленило**
4.1. Предмет и метод на анализа
4.2. Категоризација на градското зеленило
4.3. Преглед на релевантната легислатива
4.4. Структура на институционалната грижа
4.5. Пропусти во законскиот и институционалниот третман на градското зеленило и насоки за негово подобрување

**5. Анализа на состојбите и тенденциите на градското зеленило во опфатот на Мал ринг во Скопје 2002-2017**
5.1. Графички прилози на состојбите и тенденциите на градското зеленило: синтезни мапи и ГИС-анализи

**6. Попис на дрвен фонд во Мал ринг 2013**

**Заклучен коментар: како да се спречи понатамошното намалување на градското зеленило?**

**Анекс**

## Вовед

Основната цел на овој истражувачки проект е да ја документира трансформацијата на градското зеленило (зелените површини и дрвниот фонд) во опфатот на строгиот центар на Скопје, т.н. Мал ринг, каде во текот на изминатата деценија е воочлива тенденцијата на неговото постепено намалување и исчезнување.

Проектот има за цел да ја документира постојната состојба на градското зеленило во Малиот ринг, како и да го анализира неговиот развој во периодот од 2002 до 2013 година. Исто така, се истражува можниот развој на градското зеленило до 2017, која е крајната година опфатена во планскиот период на последната Измена и дополна на ДУП Мал ринг, декември 2012. Паралелно, целта на истражувањето е да ги прикаже негативните последици од неодговорниот однос кон градското зеленило во рамките на институционалните структури, релевантната легислатива, како и во процесот на урбанистичко планирање.

Користејќи ги деталните урбанистички планови како основа, постојната состојбата на градското зеленило се документира и мапира на терен. Во недостиг на темелна официјална документација, податоците за зелените површини и дрвјата кои недостигаат во деталните урбанистички планови, се надополнети со достапните историски сателитски снимки. Студијата е изработена користејќи исклучиво урбанистички алатки и методологија на истражување, и не ги зема предвид потенцијалните стручни шумарски и дендролошки аспекти на проблемите на градското зеленило.

Крајната цел на истражувачкиот проект е: да се документира постојната состојба на градското зеленило во Мал ринг – Скопје преку мапи и детален попис на дрвја, да се прикаже неговата трансформација во периодот 2002-2013, како и планираната и очекувана трансформација до 2017. Исто така, проектот презентира резултати од пописот на дрвја во Мал ринг, како и методологија за вршење на попис на градски дрва која може да се примени на која било градска средина. Понатаму, студијата има за цел да укаже на важноста на градското зеленило за квалитетот на урбаното живеење, да ги посочи штетните последици од несоодветниот третман на градското зеленило, и да предложи насоки за негово подобро законско, институционално и урбанистичко планирање, кои понатаму би можеле да им послужат на градските и локалните власти за унапредување на постојните политики.

## 1. Значење на градското зеленило

### 1.1. Значење на градското зеленило за градот и граѓанинот

Зелените површини и дрвјата имаат големо влијание врз квалитетот на живот на граѓаните во урбаните средини, особено во густо изградени средини како што е подрачјето во опфатот на Мал ринг во Скопје. Зелените површини кои имаат улога на јавни простори претставуваат места за одмор, релаксација, дружба, детска игра, како и други активности кои се дел од секојдневниот живот на граѓаните. Токму поради нивната важност за социјалниот живот на граѓаните, пожелно е зелените простори да се задолжително и плански интегрирани во градската структура. Од друга страна пак, дрвјата имаат суштинско влијание врз квалитетот на воздухот, степенот на бучава и температурата во градската средина. Бројот на дрвјата со развиени крошни и голема лисна маса најмногу влијае на намалувањето на загадувањето на воздухот, бучавата и високите температури. Затоа, старите и големи, добро негувани дрвја треба да бидат неизоставно застапени во голем број токму во густо изградените градски средини.

## 2. Состојба на градското зеленило во опфатот на Мал ринг во Скопје 1997-2012: достапни плански документи и сателитски снимки

Прегледот и анализата на развојот на градското зеленило во изминатата деценија се направени врз основа на синтезните прикази од деталните урбанистички планови (ДУП) и нивните измени и дополни за централното градско подрачје на Град Скопје – Мал ринг помеѓу 1997-2012 година. Информациите за градското зеленило кои недостигаат во сите достапни планови по 1997 година, се надополнуваат со сателитски снимки од Google Earth од 2002-2013 година. Иако истражувањето се однесува на периодот од 2002-2017, ДУП-от од 1997 е вклучен како основа, за да се формира целосна слика за постојната состојба во 2002 година, од кога не постои ажурирана планска документација. Во прилог следат сите достапни сателитски снимки од Мал ринг, додека пак, урбанистичките планови ќе бидат прикажани и детално разработени понатаму во студијата.










03.07.2007
17.01.2010
06.06.2009
Macedonia (FYROM)
01.07.2012
24.09.2009
01.03.2013

# 3. Планерски третман на градското зеленило во опфатот на Мал Ринг 1997-2012

## 3.1. Анализа на деталните урбанистички планови 1997-2012

Анализа на планерскиот третман на градското зеленило се прави со цел да се прикаже начинот на планирање и графичка обработка на градското зеленило во деталните урбанистички планови (ДУП), и да се утврди нивото на евиденција, како и стратегиите и мерките за планирање, развој и заштита на градското зеленило во рамките на процесот на урбанистичко планирање. Во прилог следат сите донесени детални урбанистички планови и измени на деталните урбанистички планови на централното градско подрачје на Град Скопје - Мал ринг од осамостојувањето на Република Македонија до денес, освен ДУП 2007:

- ДУП Мал ринг-Скопје, 1997;
- Измена и дополна на ДУП Мал ринг-Скопје, 2008;
- Измена и дополна на ДУП Мал ринг-Скопје, 2009;
- Измена и дополна на ДУП Мал ринг-Скопје, 2010;
- Измена и дополна на ДУП Мал ринг-Скопје, 2011;
- Измена и дополна на ДУП Мал ринг-Скопје, 2012 јуни;
- Измена и дополна на ДУП Мал ринг-Скопје, 2012 декември.

Во секој прикажан детален урбанистички план се анализираат следните аспекти:

а) степенот на евиденција на постојно градско зеленило - каде се утврдува општото ниво на евидентирање на зелените површини, и бројот и диспозицијата на дрвјата;
б) обележување на градско зеленило – каде се врши преглед на начинот на графичка обработка и обележување на градското зеленило, делејќи го на „обележување на зелени површини“ и „обележување на дрвја“. Поради дискрепанцата која често низ плановите се јавува помеѓу начинот на кој зеленилото е означено во планот и начинот на кој е дефинирано во придружната легенда, се издвојуваат обележувањето „во легенда“ и „во план“ како посебни категории;
в) планирање на градско зеленило – каде се посочуваат локациите на новопланираните зелени површини;
г) новопланирани објекти и инфраструктура врз постојно зеленило – каде се посочуваат локациите на сите новопланирани објекти и инфраструктура за чија изведба би се уништиле зелени површини и/или дрвја.

**а) степен на евиденција на постојно градско зеленило**

- во рамките на ДУП-от постои посебен прилог за постојно градско зеленило, каде се мапирани постојните дрвореди и парковското зеленило;
- во истиот прилог не се мапирани дрвјата во рамките на Паркот „Жена-борец“, блоковските атриуми и приватните дворови;
- постојат пресметки за вкупни површини на: зеленило кое се задржува, зеленило кое се реконструира, новопредвидено зеленило (изразено во m2); дрвореди кои се задржуваат, дрвореди кои се реконструираат, новопредвидени дрвореди (изразено во m).

**б) обележување на градско зеленило.**

- зелени површини

*во легенда: еден вид на зеленило - парковско зеленило

*во план: еден вид на зеленило - парковско зеленило

- дрвја

*во легенда: два вида на симболи - постојни дрвореди (кружен симбол) и новопредвидени дрвореди (кружен симбол со точка во средината);

*во план: два вида на симболи - постојни дрвореди (кружен симбол) и новопредвидени дрвореди (кружен симбол со точка во средината).

**в) планирање на градско зеленило.**

- во рамките на ДУП-от постои синтезен прилог каде покрај постојното е прикажано и новопланираното градско зеленило.

**г) новопланирани објекти и инфраструктура врз постојно зеленило:**

- објекти долж северо-западната страна на плоштад „Македонија“ (парцела 5.1 и 5.2);
- објект пред Македонска опера и балет (МОБ);
- објекти покрај МОБ;
- објекти на источната страна од Вардар;
- објект пред Домот на армијата на Република Македонија (Дом на АРМ).




| БЛОК | градежна парцела | класа на намена | мах висина | мах катност | површина на парцела (м2) | П(м2) градба | бруто П (м2) развиена | потребен број на паркинг места | обезбеден број на паркинг места во рамките на опфатот |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Б1 | 1.5.1 | В5 | 29м и 50м | П | 1534.00 | 1534.00 | 1534.00 | 29 | 29 |
| ВКУПНО Б1 | | | | | 1534.00 | 1534.00 | 1534.00 | 29 | 29 |
| Б6 | 6,8,1 | В3 | 14м | П+3 | 2813.00 | 2813.00 | 11252.00 | 53 | 70 |
| ВКУПНО Б6 | | | | | 2813.00 | 2813.00 | 11252.00 | 53 | 70 |
| Б7 | 7,9,1 | В4 | 29м | П+7+По | 2057.00 | 2057.00 | 18513.00 | 39 | 70 |
| | 7,10,1 | В4 | 29м | П+7+По | 1453.00 | 1453.00 | 13077.00 | 27 | 71 |
| | 7,2,1 | Б | 21м | П+6+По | 5204.00 | 4155.00 | 33240.00 | 78 | 72 |
| ВКУПНО Б7 | | | | | 8714.00 | 7665.00 | 64830.00 | 144 | 73 |

# ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДУП 2008

**а) степен на евиденција на постојно градско зеленило.**
- во рамките на ДУП-от нема посебен прилог за постојно градско зеленило;
- во синтезниот план не се мапирани дрвореди.

**б) обележување на градско зеленило.**
- зелени површини

*во легенда: зеленилото е поделено во две категории - парковско зеленило (класа на намена Д1) и парковско заштитно зеленило (класа на намена Д2) означени со шрафура;

*во план: зеленилото не е означено со класите на намена дадени во легендата.

- дрвја

*во легенда: нема ниту еден симбол за дрво;

*во план: три различни симболи за зеленило кои не ја мапираат вистинската позиција и број на дрвја; еден од симболите преминува преку зелените површини и врз габарити на објекти (блок 5.1., Плоштад “Македонија“).

**в) планирање на градско зеленило.**
- во рамките на ДУП-от нема посебен прилог за планирано градско зеленило;
- во синтезниот план планираниот објект пред АРМ со ДУП 1997 се пренаменува во зелена површина.

**г) новопланирани објекти и инфраструктура врз постојно зеленило:**
- објектите долж северо-западната страна на плоштад Македонија (парцели 5.1, 5.1.1, и 5.2.1), планирани од ДУП 1997, се со зголемена површина;
- објектот пред МОБ (парцела 7.2.1), од ДУП 1997, е со зголемена површина;
- верски објект на Плоштад „Македонија“ (парцела 1.5.1);
- три нови објекти на кејот „Димитар Влахов“: Уставен суд/Државен архив/Археолошки музеј на Македонија (парцела 7.9.1), Министерство за надворешни работи (парцела 7.9.1) и Амфитеатар (нема обележана парцела);
- споменик на Александар Македонски во центарот на Плоштад „Македонија“;
- објект пред Дом на АРМ: Спомен-куќа на Мајка Тереза (нема обележана парцела);
- подземна сообраќајница како продолжение на бул. „Партизански одреди“, долж западната страна на кејот „13-ти ноември“ (што може да доведе до уништување на зеленилото и дрворедите на кејот).




# ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДУП 2009

**а) степен на евиденција на постојно градско зеленило.**
- во рамките на ДУП-от нема посебен прилог за постојно градско зеленило;
- во синтезниот план не се мапирани дрвореди.

**б) обележување на градско зеленило.**
- зелени површини
*во легенда: зеленилото е поделено во две категории - парковско зеленило (класа на намена Д1) и парковско заштитно зеленило (класа на намена Д2) означени со шрафура;
*во план: се појавува само зеленилото од класата на намена Д1. Зелените површини се означени со бела боја (не со шрафура), исто како и партерот, улиците и дел од зградите, што го прави планот нечитлив.
- дрвја
*во легенда: нема ниту еден симбол за дрво
*во план: три различни симболи за зеленило кои не ја мапираат вистинската позиција и број на дрвја; еден од симболите преминува преку зелените површини и врз габарити на објекти (блок 5.1, Плоштад „Македонија“).

**в) планирање на градско зеленило.**
- во рамките на ДУП-от нема посебен прилог за планирано градско зеленило

**г) новопланирани објекти и инфраструктура врз постојно зеленило:**
- подземен паркинг на три нивоа под Паркот „Жена-борец“ (што може да доведе до уништување на зеленилото и дрвјата во паркот);
- подземен паркинг на три нивоа на зелената површина позади Собранието на Република Македонија (парцела 3.1.2);
- подземен паркинг позади објектот „Палома бјанка“ (парцела 4.5.16);
- два нови објекти на кејот „Димитар Влахов“, пред МОБ: Јавно обвинителство и Финансиска полиција (парцела 7.11) и Агенција за електронски комуникации (парцела 7.13);
- две катни гаражи околу објектот на Мепсо (парцели 5.12 и 5.13).




# ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДУП 2010

**а) степен на евиденција на постојно градско зеленило.**

- во рамките на ДУП-от нема посебен прилог за постојно градско зеленило;
- во синтезниот план не се мапирани дрвореди.

**б) обележување на градско зеленило.**

- зелени површини

*во легенда: зеленилото е поделено во три категории - парковско зеленило (класа на намена Д1), парковско заштитно зеленило (класа на намена Д2) и спорт и рекреација (класа на намена Д3) означени со шрафури;

*во план: се појавуваат само зеленилото од класата на намена Д1 (Парк „Жена-борец“) и класа на намена Д3 (зеленило на кејот „13-ти ноември“). Само зелената површина со класа на намена Д3 е означена со дадената шрафура од легендата, додека другите зелени површини се означени со бела боја, исто како и партерот, улиците и дел од зградите, што го прави планот нечитлив.

- дрвја

*во легенда: нема ниту еден симбол за дрво

*во план: три различни симболи за зеленило кои не ја мапираат вистинската позиција и број на дрвја; еден од симболите преминува преку зелените површини и врз габарити на објекти (блок 5.1, Плоштад „Македонија“).

**в) планирање на градско зеленило.**

- во рамките на ДУП-от нема посебен прилог за планирано градско зеленило;
- во синтезниот план има новоиспланирана зелена површина со намена спорт и рекреација (класа на намена Д3) долж кејот „13-ти ноември“, кај објектот на главната пошта.

**г) новопланирани објекти и инфраструктура врз постојно зеленило:**

- во рамките на ДУП-от нема новопланирани објекти и инфраструктура врз постојно зеленило.




# ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДУП 2011

**а) степен на евиденција на постојно градско зеленило.**

- во рамките на ДУП-от нема посебен прилог за постојно градско зеленило;
- во синтезниот план не се мапирани дрвореди.

**б) обележување на градско зеленило.**

- зелени површини

*во легенда: зеленилото е поделено во три категории - парковско зеленило (класа на намена Д1), парковско заштитно зеленило (класа на намена Д2) и спорт и рекреација (класа на намена Д3) означени со шрафури;

*во план: се појавува само зеленилото од класата на намена Д1 (Парк „Жена-борец“) и класа на намена Д3 (зеленило на кејот „13-ти ноември“). Само зелената површина со класа на намена Д3 е означена со дадената шрафура од легендата, додека другите зелени површини се означени со бела боја, исто како и партерот, улиците и дел од зградите, што го прави планот нечитлив.

- дрвја

*во легенда: нема ниту еден симбол за дрво

*во план: три различни симболи за зеленило кои не ја мапираат вистинската позиција и број на дрвја; еден од симболите преминува преку зелените површини и врз габарити на објекти (блок 5.1, Плоштад „Македонија“).

**в) планирање на градско зеленило.**

- во рамките на ДУП-от нема посебен прилог за планирано градско зеленило;
- во синтезниот план има новоиспланирана зелена површина со намена спорт и рекреација (класа на намена Д3) долж кејот „13-ти ноември“, кај објектот на главната пошта.

**г) новопланирани објекти и инфраструктура врз постојно зеленило:**

- во рамките на ДУП-от нема новопланирани објекти и инфраструктура врз постојно зеленило.




**ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДУП 2012 ЈУНИ**

**а) степен на евиденција на постојно градско зеленило.**
- во рамките на ДУП-от нема посебен прилог за постојно градско зеленило;
- во синтезниот план се мапирани зелените површини, но не и дрвјата во нив

**б) обележување на градско зеленило.**
- зелени површини

*во легенда: постои само една категорија на зелени површини - зеленило, означена со зелена боја

*во план: градското зеленилото е означено со зелена боја

- дрвја

*во легенда: нема ниту еден симбол за дрво

*во план: три различни симболи за зеленило кои не ја мапираат вистинската позиција и број на дрвја; еден од симболите преминува преку зелените површини и врз габарити на објекти (блок 5.1, Плоштад „Македонија“).

**в) планирање на градско зеленило.**
- во рамките на ДУП-от нема посебен прилог за планирано градско зеленило
- во синтезниот план се предвидуваат два нови кружни тека со зеленило (крстосница бул. „Партизански одреди“ со бул. „Васил Главинов“, и крстосница бул. „Илинден“ со бул. „Гоце Делчев“).

**г) новопланирани објекти и инфраструктура врз постојно зеленило.**
- објект-споменик на Мајка Тереза покрај Плоштад „Македонија“ (парцела 5.2.3.)
- објект покрај МОБ (парцела 7.1.1)
- (се претпоставува дека се работи за грешка, но) цел Парк „Жена-борец“ е означен како планиран за катна гаража (класа на намена Е2);
- (се претпоставува дека се работи за грешка, но) голем дел од Плоштад Македонија е означен како планиран за катна гаража (класа на намена Е2),
- намален е објектот покрај плоштад „Македонија“ (парцела 5.1), но се додава фонтана.




**ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДУП 2012 ДЕКЕМВРИ**

**а) степен на евиденција на постојно градско зеленило.**

- во рамките на ДУП-от нема посебен прилог за постојно градско зеленило;
- во синтезниот план не се мапирани дрвореди.

**б) обележување на градско зеленило**

**- зелени површини.**

*во легенда: зеленилото е поделено во три категории - парковско зеленило (класа на намена Д1), парковско заштитно зеленило (класа на намена Д2) и спорт и рекреација (класа на намена Д3) означени со шрафури;

*во план: се појавуваат само зеленилото од класата на намена Д1 (Парк „Жена-борец“) и класа на намена Д3 (зеленило на кејот „13-ти ноември“). Само зелената површина со класа на намена Д3 е означена со дадената шрафура од легендата, додека другите зелени површини се означени со бела боја, исто како и партерот, улиците и дел од зградите, што го прави планот нечитлив.

- дрвја

*во легенда: нема ниту еден симбол за дрво

*во план: три различни симболи за зеленило кои не ја мапираат вистинската позиција и број на дрвја; еден од симболите преминува преку зелените површини и врз габарити на објекти (блок 5.1, Плоштад „Македонија“).

**в) планирање на градско зеленило.**

- во рамките на ДУП-от нема посебен прилог за планирано градско зеленило;
- во синтезниот план има новоиспланирана зелена површина со намена спорт и рекреација (класа на намена Д3) долж кејот „13-ти ноември“, кај објектот на главната пошта.

**г) новопланирани објекти и инфраструктура врз постојно зеленило.**

- во рамките на ДУП-от нема новопланирани објекти и инфраструктура врз постојно зеленило.

### 3.2. Пропусти во планерскиот третман на градското зеленило и насоки за негово подобрување

Од анализите се вооочува дека најголем проблем претставува непостоењето на генерална стратегија за планирање, развој и заштита на градското зеленило во процесот на изработка на урбанистички планови. Градското зеленило не се третира како битен фактор во процесот на урбанистичко планирање, што јасно се гледа преку недостигот на евиденција на постојната состојба на градското зеленило, неговото невнимателно категоризирање и означување, па дури и невклучувањето на дрвјата како елемент кој воопшто се планира во ДУП-овите. За да се постигне оддржливо урбанистичко планирање и внимателен третман на градското зеленило, методологијата и алатките за планирање би требало да претрпат одредени измени, и да се воведе: задолжителна изработка на генерални стратегии за планирање, развој и заштита на градското зеленило; задолжителна евиденција на позицијата, видот и функцијата на дрвјата и зелените површини; елаборат со стручна проценка и препорачани активности, изработен од професионални пејзажни архитекти, шумари и дендролози; и јасен метод на обележување во урбанистичките планови, за да бидат разбирливи за сите граѓани, со што би се поттикнала нивната активна вклученост во донесувањето на одлуки на локално ниво.

## 4. Анализа на легислативата и мерките за заштита и стимулација на градското зеленило

### 4.1. Предмет на анализа

На анализата на законскиот и институционалниот третман на градското зеленило и претходи анализа на официјалната категоризација на градското зеленило во засегнатите градски институции. Во легислативата на Република Македонија постојат бројни закони кои директно или индиректно се бават со заштита и унапредување на животната средина. Во овој прилог се разгледуваат оние закони, стратегии и прирачници кои го опфаќаат, или би требало да го опфатат, третманот на градското зеленило; како и државните, градските и приватните институции под чија надлежност спаѓаат евиденцијата, одржувањето, планирањето, развојот, надгледувањето и други аспекти поврзани со градското зеленило.

### 4.2. Категоризација на градското зеленило

Една од основните почетни точки за водење на успешна евиденција и за планирање на градското зеленило, е неговата единствена официјална категоризација според функција и вид. При изработка на студијата, не дојдовме до информации за постоење на утврдена категоризација на градското зеленило која би се користела во сите државни и градски институции, како и во спроведувањето на законите и урбанистичките планови.

Единствените достапни категоризации кои се сретнуваат низ документите и веб-страниците на засегнатите институции се следниве:

а) Паркови и зеленило (http://www.parkovi.com.mk/)
Јавните зелени површини се поделени во четири категории:
- булеварско
- блоковско
- дрвореди
- паркови

б) Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање
Според член 30 од Правилникот, системот на класи на намени според кој сите градежни парцели во урбанистичките планови се означуваат со соодветна буква и цифра (А - Домување, Б - Комерцијални и деловни намени, В - Јавни институции, Г - Производство, дистрибуција

и сервиси, Д - Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори, Е - Инфраструктура), градското зеленило спаѓа во иста категорија со спортските, рекреативните и меморијалните објекти, и поделбата е следната:

Д1-парковско зеленило
Д2-заштитно зеленило
Д3-спорт и рекреација
Д4-меморијални простори

Единствените постојни, меѓусебно различни категоризации го третираат зеленилото на широко и општо ниво. Непостоењето на единствена категоризација на градското зеленило во сите засегнати институции го оневозможува постоењето на оперативен систем на планирање кој би се протегал од државно, до градско и локално ниво на инстутиционалните структури.

## 4.3. Преглед на релевантна легислатива

Бидејќи не постои посебен закон за градско зеленило, подолу ќе бидат издвоени и коментирани неколку релевантни делови од оние закони во кои тоа е, директно или индиректно, вклучено, имено: Законот за заштита на животната средина како и Законот за просторно и урбанистичко планирање, заедно со, според него изработените, Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилник за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови.

а) Закон за животна средина (Сл.Весник на Р.Македонија бр.53, 05.07.2005).
Иако според член 5, животната средина го опфаќа “вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите“, градското зеленило не е посебно третирано во понатамошните членови на Законот.

Според Законот за животна средина и просторно планирање (член 60), се донесува Национален акционен план за животна средина (НЕАП), според кој потоа, градот Скопје и општините можат да изготват локални акциони планови (ЛЕАП). Меѓутоа, во ЛЕАП на Град Скопје градското зеленило не е издвоено како посебен проблем, додека пак ЛЕАП на Општина Центар сеуште не е изработен или пак, јавноста не е информирана за неговото постоење.

Со член 11 (Начело на субсидијарност) се утврдува дека општините во градот Скопје, “имаат право и должност на своето подрачје да ги преземаат сите мерки и активности за заштита и за унапредување на животната средина, кои не се во исклучива надлежност на државните органи“. Од ова може да се заклучи дека, општините кои се надлежни за изработката на урбанистичките планови, би требало да се одговорни за преземање мерки за заштита на градското зеленило кое се третира со урбанистичките планови, што не е случајот со Општина Центар.

Со член 42 се воспоставува единствен Катастар за животна средина, кој ги вклучува Катастарот за загадувачите на воздухот, водите и почвата, Катастарот на создавачите на бучава, Катастарот на создавачите на отпад, Катастарот на заштитените подрачја и другите катастри утврдени со посебни закони. Со Законот за животна средина, не се предвидува Катастар за градско зеленило.

б) Закон за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ, бр. 60, 27.4.2011).
Според член 2(1), со урбанистичкото планирање се обезбедува “уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и природата“, е јасно дека третманот на градското зеленило, како дел од заштитата и унапредувањето на животната средина, би требало да биде значаен дел од процесот на урбанистичкото планирање. Но, во последувателните членови, подзаконски одредби и правилници не се наведува никаков конкретен третман на градското зеленило.

Поголем повод за грижа е фактот што покрај недостигот на конкретен третман на градското зеленило во овој закон, постои член кој директно придонесува за неговото намалување, имено, според член 15-б: “При изработка на урбанистичките планови со кои се уредува просторот за градби со намена домување во станбени куќи процентот на изграденост на градежната парцела треба да изнесува 70%, а висината на градбата изразена во метри до венец 10,2 метри. За градби со намена домување во станбени згради процентот на изграденост треба да изнесува 70%, а висината на градбата изразена во метри до венец за градежни парцели со површина од 500 до 1.000 м2 треба да изнесува најмалку 25,2 метри, а за градежни парцели со површина поголема од 1.000 м2 треба да изнесува најмалку 30 метри. Површината на градежната парцела за градби со намена домување во станбени згради треба да изнесува најмалку 500 м2“.

Со овој член посебно се ограничува можноста за планирање или одржување на јавни или приватни градежни парцели со висок процент на зеленило, дури и во предградијата или аграрно ориентираните приградски населби - бидејќи не се прави разлика помеѓу различни градски зони, или различни степени на густина на изграденост.
Ова значи дека при планирање на приватна градежна парцела за станбена куќа со површина од 1000м2, планерот е обврзан да предвиди куќа која зафаќа 700м2, и само 300м2 неизградена (зелена) површина.

Според член 31 од овој Закон, во изработката на секој урбанистички план и документација, се применуваат стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, утврдени со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ, бр. 142, 27.10.2010), со кој се “уредуваат основите за рационално планирање, уредување и користење на просторот, заради создавање на услови за хумано живеење и работа на граѓаните“.

Но, градското зеленило е споменато, како што веќе беше наведено, само како категорија во класите на намени. Понатамошни одредби или насоки за негов третман и димензионирање не се среќаваат во Правилникот, и покрај тоа што градското зеленило според сите норми е еден од основните фактори за создавање на услови на хумано живеење во градските средини.

Според член 33 од Законот, урбанистичките планови се изработуваат според одредбите во Правилникот за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Службен весник на РМ, бр 51, 2005). Во овој Правилник за прв пат се споменуваат конкретни одредби за подетална евиденција и планирање на градското зеленило во рамки на урбанистичкото планирање, и се вели дека “план на зеленило, со диспозиција на ниско, средно и високо зеленило“ е задолжителен дел од секој ДУП, но ова не се почитува во изработката на деталните урбанистички планови за Мал ринг - Скопје.

## 4.4. Структура на институционална грижа

Неколку институции (со одговорните потсектори) ги делат надлежностите поврзани со градското зеленило во Мал ринг - Скопје, имено:
-Министерство за животна средина;
-Град Скопје (Сектор за заштита на животната средина и природата, Сектор за уредување и планирање на просторот и Сектор за комунални работи);
-Општина Центар (Сектор за урбанизам и Сектор за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина);
-Паркови и зеленило (кои работат по налог на Град Скопје или Општина Центар).
Не постои јасно организиран систем на хиерархија помеѓу Министерството, градските и локалните сектори, ниту пак воспоставен систем на меѓусебна соработка помеѓу различните сектори во рамките на Општина Центар или Град Скопје. Поради ова, во Општина Центар, Град Скопје, и во Паркови и

зеленило не успеавме да дојдеме до информации за точниот број на постојни, засадени, и исечени дрвја. И покрај тоа што во медиумите и гласилата на Град Скопје и Општина Центар се најавува секоја акција за садење, како и бројот на предвидени садници, организирана целокупна евиденција, која ги вклучува и исечените дрвја, не се води ниту во една од овие институции, со исклучок на Паркови и зеленило каде постојат некомплетирани (и недостапни за јавноста) извештаи за бројот на засадени и исечени дрвја на ниво на град.

### 4.5. Пропусти во законскиот и институционалниот третман на градското зеленило и насоки за негово подобрување

Непостојните и непрецизните одредби во законите за урбанистичко планирање и за животна средина и во правилниците за планирање, како и непостоењето на хиерархија, распределба на надлежности и меѓусебна соработка помеѓу институциите надлежни за нивно спроведување, се едни од главните фактори кои придонесуваат за намалувањето на градското зеленило во Скопје.

За подобрување на институционалниот и законскиот третман на градското зеленило, а со тоа и на квалитетот на животната средина во Скопје, се предлагаат следните мерки:
- да се изготви стратегија со која се одредува јасна хиерархија на одговорности и распределба на должности во однос на градското зеленило, помеѓу Министерството за животна средина и просторно планирање, Град Скопје, Општина Центар и Паркови и зеленило. Во стратегијата да бидат опфатени сите аспекти поврзани со планирањето, развојот и заштитата на градското зеленило, и да се воспостави систем за постојано надгледување и евалуација на постигнатите резултати;
- да се обезбедат услови за планирана соработка помеѓу секторите за животна средина и урбанистичко планирање во рамки на Град Скопје и Општина Центар (изработка на елаборати за градско зеленило кои би се искористиле во понатамошната изработка на урбанистички планови);
- да се направи дополна и/или измена или во Законот за животна средина и просторно планирање, или во Законот за урбанистичко и просторно планирање, каде градското зеленило би се вклучило како посебна категорија. Да се вклучат препорачани или задолжителни параметри за планирање на градското зеленило во Правилникот за просторно и урбанистичко планирање. Евентуално да се изработи посебен Закон за зеленило;
- да се врши редовен инвентар на зеленилото и дрвјата, со изработка и одржување на Зелен катастар на ниво на град или општина, во кој би се евидентирале сите постојни, новозасадени и исечени дрвја.

## 5. Анализа на состојбите и тенденциите на градското зеленило во опфатот на Мал ринг во Скопје 2002-2017

### 5.1. Графички прилози на состојбите и тенденциите на градското зеленило: синтезни мапи и ГИС-анализи

Компаративните графички анализи кои ја документираат просторната и квантитативната трансформација на градското зеленило од 2002 до 2013, како и очекуваната трансформација од 2013-2017, се раслоени на неколку поединечни аспекти: анализа на трансформацијата на зелените површини, анализа на трансформацијата на густината на вкупниот дрвен фонд, анализа на трансформацијата на површините на дрвни крошни (нивната вертикалната проекција) и анализа на просторната распределба на засадени и исечени дрвја. Анализите за густината на дрвниот фонд и распределбата на дрвја се направени со помош на ГИС (географски информациони системи) технологија.

Сите компаративни анализи се изведени врз основа на следниве прилози:
- состојба на градското зеленило во 2002 година, прикажана преку: мапа на зелени површини, мапа на дрвја и мапа на крошни од дрвја, а нацртани врз основа на ДУП 1997 и Google Earth 2002;
- состојба на градското зеленило во 2013 година, прикажана преку: мапа на зелени површини, мапа на дрвја и мапа на крошни од дрвја, а нацртани врз основа на Измена и дополна на ДУП од декември 2012, теренско снимање и Google Earth 2013;
- состојба на градското зеленило во 2017 година, прикажана преку: мапа на зелени површини, мапа на дрвја и мапа на крошни од дрвја, нацртани врз основа на Измена и дополна на ДУП од декември 2012.

Поради непостоење на документација за состојбата на градското зеленило во 2002 година, и непристапност до одредени приватни дворови, дел од дрвјата во мапите се означени како „дрвја без опис“, поради тоа што не е познато дали се листопадни или зимзелени.

[МАПА 1: ЗЕЛЕНИЛО 2002]




75.649 м²

[МАПА 2: ЗЕЛЕНИЛО 2013]




34.994 м²

[МАПА 3: ЗЕЛЕНИЛО 2017]




18.680 м²

# [МАПА 4: ДРВЕН ФОНД 2002]




1580 дрвја

# [МАПА 5: ДРВЕН ФОНД 2013]




1646 дрвја

[МАПА 6: ДРВЕН ФОНД 2017]




1461 дрвја

[МАПА 7: КРОШНИ 2002]



74.655 м$^2$

[МАПА 8: КРОШНИ 2012]



61.166 м²



56.158 м$^2$



[2002]



[2013]



[2017]

## Анализа на состојбите и тенденциите за намалување на зелените површини 2002-2017

Од споредбата на состојбите на зелените површини од 2002 и 2013 година, може да се забележи нивното драстично намалување на сметка на изградени објекти, имено: во 2013 во Мал ринг има 50% помалку зелени површини отколку што имало во 2002. Доколку во иднина се продолжи со темпото на градење врз зелени површини предложено со Измената и дополната на ДУП од декември 2013, до 2017 година зелените површини би се намалиле за уште 50% во однос на тоа што постои денес.
Со постоечките урбанистички планови, кои пред се, предвидуваат изградба на објекти врз зелени површини, постои тенденција за намалување на зелените површини за вкупно 75% во периодот од 2002 до 2017 година.




| 2002 | 2013 | 2017 |
|---|---|---|
| **75.649 м2** | **34.994 м2** | **18.680 м2** |
| или | или | или |
| **13.9%** | **6.4%** | **3.4%** |
| од Мал ринг | од Мал ринг | од Мал ринг |

**Во 2013 има 50% помалку зелени површини отколку во 2002, а до 2017, зелените површини би се намалиле за уште 50%.**

## Анализа на состојбите и тенденциите за намалување на површината на крошните 2002-2017

Од споредбата на површините на крошни од 2002 и 2013 година, може да се забележи намалување од 20%. Ова е директен резултат од континуираното сечење на големи количини на стари (50 до 60 годишни) дрвја со пространи крошни. Доколку оваа тенденција на девастација на дрвниот фонд продолжи, до 2017 површината на крошните би се намалила за уште 8%, или вкупно 25% за периодот 2002-2017. Трендот на континуирано намалување на површината на крошните директно придонесува за зголемување на загадувањето на воздухот, температурата и бучавата, што пак го намалува квалитетот на живот на граѓаните од Мал ринг.



[2002]




| 2002 | 2013 | 2017 |
|---|---|---|
| **74.655 м2** | **61.166 м2** | **56.158 м2** |
| или | или | **или** |
| **13.5%** | **11.1%** | **10.2%** |
| од Мал ринг | од Мал ринг | **од Мал ринг** |



[2013]



[2017]

# Од 2002 до 2013 површината на крошни е намалена за 20%.


[2002]


[2017]

## ГИС-анализа на густината на дрва 2002-2017

Анализата на густината на дрвја е извршена преку споредба на мапи кои ја документираат густината на дрвја за 2002 и 2017 година, и ја прикажува диспозицијата на стебла во просторот на Мал ринг. На мапите, зелената боја означува висока, а црвената ниска густина на засаденост. Оваа анализа ја покажува само трансформацијата на просторната густината на дрвјата по години, но не ја претставува фактичката состојба на дрвниот фонд затоа што не ја анализира вкупната површина на крошните на дрвјата.

Споредбата на состојбите од 2002 и 2012 година, укажува на генерално намалување на густината на дрвја, особено во источниот дел од Мал ринг. Како последица на оваа промена, рамномерно распределните дрвни насади стануваат концентрирано групирани во неколку одделени области. Понатаму, споредбата помеѓу состојбата од 2002 и проектираната состојба во 2017, покажува дека оваа тенденција ќе продолжи во иста насока, што пак ќе доведе до постоење на само два центри во кои ќе бидат групирани дрвните насади - паркот „Жена-борец“ и квартот помеѓу ул. „Орце Николов“ и ул. „Максим Горки“.

# Рамномерно распределените дрвни насади од 2002, ќе се групираат во само два центри до 2017.





[2002-2013]



[2013-2017]

**ГИС - анализа на состојбите и тенденциите за сечење и садење на дрвја 2002-2017**

Од следењето на состојбите на дрвниот фонд во периодот 2002-2013 може да се забележи масовно сечење на дрворедни и парковски садници на источниот брег од реката Вардар, како и на Плоштадот „Македонија“, пред Домот на АРМ и покрај објектот на главната пошта. Во истиот период се засадени дрвја само во четвртта помеѓу ул. „Орце Николов“ и ул. „Максим Горки“, и долж ул. „Македонија“. Во април 2013, беа исечени 33 дрвја кај седиштето на ВМРО-ДПМНЕ (ул. Македонија 17а). Иако во овој период се исечени само 63 дрва повеќе отколку што се засадени, површината на крошни, која ја одразува реалната зелена маса, во 2013 е за 22% помала од онаа во 2002 година. Ова е последица од практиката на сечење на претежно стари дрва со големи крошни, и садење на млади садници кои сеуште немаат формирано крошни.

Од споредбата на состојбата на дрвниот фонд во 2012 и проектираната состојба во 2017, може да се заклучи дека сечењето на дрва би продолжило, со што вкупниот број на дрва би се намалил за уште 185. Планираното сечење на дрва е сконцентрирано во западниот дел од Мал ринг, а во источниот скоро и да нема дрва. Во истиот период - до 2017, не се планирани нови дрвни садници.

# До 2017 ќе бидат исечени уште најмалку 185 дрвја.

новозасадени дрвја

исечени дрвја

## 6. Попис на дрвен фонд во Мал ринг 2013

За време на изработка на студијата беше направен попис на дрвја во Мал ринг, што всушност е и првиот попис на дрвја во градска средина во Скопје. Пописот беше направен врз основа на првото броење на дрвја кое се случи во декември, 2012, и резултираше со мапа на дрвјата во Мал ринг каде секое дрво има своја „лична карта" со следните информации: идентификациски број на дрво (секое дрво има свој број), вид на дрво (тип на зимзелено или листопадно дрво), дебелина на стебло, висина, старост, состојба (здраво, болно или мртво), локација на стебло (трева, тротоар или трева во тротоар) и радиус на крошна.

Вкупно дрвја: 1646
Вкупно зимзелени: 313
Вкупно листопадни: 1333

Кедар: 114
Кисело дрво: 129
Јасен: 33
Јавор: 155
Јапонска цреша: 45
Туја: 70
Шипинка: 3
Чемпрес: 75
Магнолија: 3
Даб: 15
Каталпа: 9
Липа: 133
Костен: 99
Смрека: 20
Врба: 4
Бор: 52
Бреза: 96
Палма: 18
Лиродрендрони: 53
Лагерстремија: 171
Елка: 15
Топола: 4
Цреша: 1
Дудинка: 6
Багрем: 28
Диво јаболко: 5
Орев: 5
Јапонска слива: 1
Смоква: 1
Непознати зимзелени: 50
Непознати листопадни: 84
Непознати: 51

Од овие резултати ќе се изработи веб-страна на која информациите ќе може да се гледаат според различни категории.

Идејата на пописот не е само да се претставaт информации, туку и да се претстави можен метод на теренско попишување на дрвја кој може да се примени во која било градска средина. Како пример беше земена методологијата користена на Пописот на градски дрвја во Њујорк, 2005-2006, (линк), која е базирана на волонтерска работа и користење на мапа на урнеци од листови од дрвја (leaf key) според кои може да се препознае видот на дрвото. Ваквиот вид на попис може целосно да се изврши со помош на волонтери, кои немаат професионално познавање од обласста на шумарството (волонтерите би имале еднодневна обука). Имено, за време од два месеци, авторите на студијата попишаа 1646 дрвја, колку што има во рамките на Мал ринг.

Концептот да секое дрво има свој идентификациски број не е поврзан само со можноста за поголема прегледност на вкупниот број на дрвја и сите информации за нив, туку е директно врзан со идејата за идентификување, прифаќање и негување на дрвјата како жители на градот за кои ние треба да се грижиме за да за возврат имаме поквалитетен живот. Од истражувањето на легислативата и институциите од аспект на грижа за градското зеленило, опишани во поглавјето број 4, како и од настаните кои се случија во Скопје во периодот март до август 2013, опишани во Анексот на студијата, е јасно видливо дека улогата

на градските дрвја во стварањето на квалитетен живот во урбаните средини не е препознаено од државните и градските власти на Македонија.

Пописот на градските дрвја и зелени површини, на некој начин е „пилот“ проект за Зелен катастар достапен за јавноста. Со понатамошно истражување на постоечките категории, зелени површини и дрвја, би се додале категориите на ниско зеленило (жбунови, цвеќници, жардињери), детски игралишта, урбана опрема околу зелени површини (клупи, канти, осветлување) со што би се добила целосна слика за градското зеленило и можноста на негово користење од страна на граѓаните. Во најблискиот регион ваков катастар има градот Загреб (линк).

## 7. Заклучен коментар: како да се спречи понатамошното намалување на градското зеленило и да се обезбеди негов рамномерен развој?

Низ мапите и анализите е документирано постојаното намалување на градското зеленило во изминатата деценија. Иако бројката на постојни дрва во 2013 година не е значително помала од онаа во 2002, реалната слика за тенденцијата на исчезнување на зеленилото од градскиот центар се гледа низ мапите кои ја прикажуваат стапката на намалување на реалниот волумен на дрвните крошни. Во мапите е документирана значајна разлика во количината на зелена маса од 2002 до денес, што во голема мера се должи на тоа што не се води сметка за фактот дека на новозасадените млади садници ќе им бидат потребни десетици години за да го достигнат дијаметарот, висината, волуменот и богатата лисна маса на исечените 50-годишни дрва. Од друга страна, штетата предизвикана од градењето врз зелените површини е неповратна, бидејќи овие живи отворени јавни простори се ненадоместливи.

Во изминативе седум години стана воочлива тенденцијата на често и брзо донесување на нови измени и дополни на Деталниот урбанистички план за Мал ринг - Скопје, со тоа што со секоја наредна измена се зголемува и бројот на новопланирани објекти, и вкупната изградена површина, а за сметка на ова, се намалува површината на градското зеленило. Доколку се продолжи со ова темпо на донесување на нови урбанистички планови, односно, со планско намалување на зелените површини, до 2017 година зелените површини ќе бидат намалени за 75% во однос на 2002, додека пак површината на крошните на дрва ќе биде за 30% помала од онаа во 2002.

Главните причини за неконтролираното намалување на зелените површини и дрвниот фонд се неоформеното законодавство, структура за планирање, развој и заштита на градското зеленило, како и неодговорниот однос на државните, градските и општинските институции кон градското зеленило.

Темелните промени во односот кон проблемот на градското зеленило секако треба да започнат од покревањето на јавната свест за неговото огромно значење за квалитетот на урбаниот живот. Овој општествен процес мора да се состои од повеќе синхронични реформи на легислативата и институционалната организација во областа на планирањето, развојот и одржувањето на градското зеленило.Реформите на „зелената легислатива“ мораат да се операционализираат со соодветни стандарди, протоколи и мерки кои ќе станат задолжителни во процесот на урбанистичко планирање на градот. Ваквото реформирање на системот на урбанистичкото планирање и институционалната заштита и развој на градското зеленило, како и воведувањето на јавна и транспарентна општествена стратегија, претставува гаранција за сопирање на тенденциите за исчезнувањето на градското зеленило во центарот на градот, и основа за надеж дека урбаниот развој во Скопје е можен со паралелен развој на градското зеленило и растот на вкупниот квалитет на живот во градот.

# АНЕКС



Анексот на студијата претставува архива на настани поврзани со активностите преземени од јавните институции за намалување на градското зеленило, како и граѓанските реакции и ангажмани за одбрана на градското зеленило кои се случија во периодот од април до август, 2013 година (некои настани се сеуште во тек).

Овој период беше обележан со интензивна соработка помеѓу граѓаните кои живеат во близината на хотел Бристол и Музејот на Град Скопје, други заангажирани граѓани и здружението Плоштад Слобода. Во овој период се остварија бројни средби со Градоначалникот на Општина Центар, Претседателот на Советот на Општина Центар; претставници на иницијативата за заштита на јавното зеленило присуствуваа на неколку седници на Советот на Општината, на кои поднесоа неколку граѓански иницијативи, се формираа „Паркобрани“ кои и во моментов спроведуваат активности кај новонасадените дрвја на парцелата покрај хотел Бристол.

Поднесените граѓански иницијативи, кои побаруваа ревизија на промените во ДУП Мал ринг и ренамена на градежните парцели во зелени (со што можеше да се сопре акцијата за сечењето на 30тина здрави 40 и повеќе годишни дрвја), беа прифатени од мнозинството советници во Општината. И покрај тоа, градските власти и нивните служби, ја спроведоа сечата на дрвјата, а отпорот на граѓаните се засили и сеуште трае. Подолу е краток преглед на поважните настани од овој период.

1. Сечење на дрвата кај зградата на ВМРО-ДПМНЕ (парцела 4.5.17)
На 22.04.2013 беа исечени 33 дрва, (31 листопадно, и 2 зимзелени) кај зградата на седиштето на ВМРО-ДПМНЕ (ул. Македонија 17-а) со цел припрема на терен за изградба на нова зграда со истата намена (http://grid.mk/yt/videos/fHbnovZogI8/sechenje-na-drva-pred-centralata-na-vmro-dpmne).





Парцелата за новата зграда на ВМРО-ДПМНЕ за прв пат се појавува во Измената и дополната на ДУП Мал ринг 2011 и во следната Измена и дополна на ДУП-от (2012), таа е со зголемена површина. Освен зграда, на оваа локација ќе се изгради и пристапна улица до објектот и фонтана.





2. Сечење на дрвјата спроти хотел Бристол (парцела 8.9).
Граѓаните од ова соседство веќе некое време знаат за намерите на градските власти и се обидуваат институционално да го спречат уништувањето на зеленилото и сечата на дрвјата во непосредното предворје на нивната зграда. Сепак, во втората половина на месец април беа поставени огради на парцелата, што ги најави намерите на јавните служби да не отстапат од уништувањето на јавното зеленило и непосредниот јавен простор на граѓаните од ова соседство. Овој период, тие беа постојано присутни на локацијата, како и во општинските простории. На 25.04.2013 беше организиран протест, закажан за во 18 часот. Поради десетиците неодговорени апели и барања од службите и најавеното уништување на зеленилото и дрвјата, граѓаните срушија (ги бутнаа) голем дел од тарабите. Рушењето на целиот периметар огради беше спречено од страна на полицијата.
Иако навидум паркот беше спасен, на 26.04.2013 во 03:30ч. наутро, беа исечени 18-те дрвја. Граѓаните повторно беа таму со цел да го спречат сечењето, но акцијата беше обезбедувана од 50 полицајци во униформа, како и распоредени припадници на Единицата Алфи и Единицата за брзо распоредување во поширокато околина. На оваа локација, едната парцела е од А категорија, под надлежност на Владата на РМ и на неа треба да се изгради Зграда на ЕЛЕМ, додека на втората парцела во план е изградба на приватна катна гаража.

3. Иницијатива за поништување на важечката Измена и дополна на ДУП Мал Ринг, декември 2012

На почетокот на јуни 2013 општината најави дека има намера да поништи неколку ДУП-ови донесени претходните години на неуставен и незаконски начин. Меѓу нив, беше и одлуката за поништување на важечката Измена и дополна на ДУП Мал Ринг, декември 2012, со кој парцелата до Домот на АРМ, на која во тој момент се градеше црквата СВ. Константин и Елена, повторно ќе беше предвидена за јавно зеленило. Општината гласно демантираше дека црквата ќе се руши, иако никогаш не наведе начини како веќе изградените и поставени објекти, кои што се наоѓаат на парцели одредени во последните ДУП-ови, ќе се вклопат во стариот ДУП.

Извесна организација „Веритас” излезе во јавноста со заканувачки изјави во однос на овие планови на Општината, а на нивнот собир се пред Домот на АРМ се појавија и свештеници од највисок ред на Македонската Православна Црква. Заканите на овој собир се реализираа неколку дена подоцна на закажаната седница на Советот на Општина Центар.

На 7 јуни, Советот на Општината требаше да одлучува по 10-ина точки на дневен ред. Советниците на ВМРО-ДПМНЕ се обидоа до го запрат носењето на дневниот ред од процедурални причини (уставност и законитост), но при гласањето општинската барака каде се одржуваат седниците на советот беше нападната, а прозорите на салата беа скршени со што седницата мораше да се прекине.

На 10 јуни, седницата требаше да продолжи во поинакви безбедносни услови. Протестантите беа запрени на оградата од општината и не им беше дозволен влез во дворот, на прозорите од бараката беа поставени решетки, а беше присутна и специјална полициска единица. Сепак, во моментот кога спорните точки дојдоа на дневен ред, група млади протестанти го проби полицискиот кордон, ја скрши кованата ограда на општината, влезе во дворот и ја нападна бараката на Советот уште еднаш и ја прекина седницата.

После ова одложување, Претседателот на Советот најави дека точките ќе се гласаат на следната седница на крајот на јуни, но оттогаш се одржаа неколку седници на Советот, а одлуките за поништување на ДУП-овите ги нема. Последните најави се дека повторно ќе бидат ставени на дневен ред во септември.

Во меѓувреме, “Веритас” оствари средба со директорот на Инспекторатот за Локална Самоуправа од каде излегоа задоволни од уверувањата на директорот Ванчо Шехтански дека ќе постапи онака како што му налага функцијата.



Иако Градоначалникот на Општина Карпош им беше ветил на граѓаните дека овој парк нема да биде уништен за цел изграба на зграда, на 02.06.2013, на локацијата започнала припрема за градежните работи.
На 05.06.2013, во 18 часот се случи протест на граѓаните и Плоштад Слобода.
На 07.06.2013, започнало бетонирање на паркот.

5. Општина Чаир
На 02.07.2013, Бујар Идризи, еден од организаторите на протестите за заштита на парковите во Општианата, пред новинарите презентираше 17 маркички за изградба на згради на место на паркови. Граѓанска иницијатива од Чаир собрала 600 потписи и поднела барање за мораториум за сите градежни актовности до Општината (линк од утрински весник).
На 10.08.2013, Градоначалникот на Општина Чаир, Изет Меџити објави дека поништува 12 од 17 маркички, со што општината ќе изгуби 5 милиони евра, но ќе зачува 12 парка.

6. Сечење на дрвата до хотел Бристол (парцела 8.29)
По сечата на дрвјата спроти хотелот Бристол, граѓаните и активистите свесни дека парцелата од спротива е следна, а охрабрени од дотогашното искуство во соработка и комуникација, се здружија во нова иницијатива, Авангарда – Скопје. Сите свесни за промените направени во ДУП-от, го антиципираа уништувањето на дрвјата и на оваа парцела и ја поддржаа иницијативата уште од нејзиниот прв настан, на 26.06.2013. Настанот се викаше „Кислород во Центар", а на истиот се собираа броеви и контакт информации од граѓани подготвени да бранат дрвја во итни ситуации, денес познати како „Паркобрани". На овој настан се собраа скоро 200 од нив, а бројот постојано расте.
По кратко мирување, иницијативата Авангарда – Скопје почна повторно да организира собири, потсетувајќи дека парцелата покрај хотел Бристол е следна и постојано комуницирајќи ја оваа тема со сограѓаните но и активистите од различни иницијативи и здруженија. Кон почетокот од август 2013, дел од „Паркобраните" поставуваат шатори токму на парцелата и прогласуваат „Камп Бристол".
И покрај тоа, неидентификувани лица, во силно присуство на полицајци во униформа, како и претставници на специјалните полициски единици, на 04.08.2013год., ја тампонираат зоната и ги отсекуваат последните дрвја.



Од тогаш, „Паркобраните" се на локација и постојано одржуваат настани за кревање на свест помеѓу граѓаните.
Дотолку повеќе, на еден од собирите беа засадени 10 нови млади дрвја, донација од Општина Центар, чив Совет одржа кратка седница на лице место. Активностите со парцелата институционално се во затишје, а настаните на лице место постојано се одржуваат, вклучувајќи разни слоеви на граѓани на Скопје.

